РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 0802-112
13.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.0803-61 од 04.03.2024 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година и Заклучокот арх.бр.0201-1153/4 од 12.03.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 12.03.2024 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 01.03.2024 година, согласно Заклучокот арх.бр.0201-1054/2 од 01.03.2024 година, донесе Одлука Уп1 бр.0803-61 од 04.03.2024 година со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година, поради тоа што imателот на дозволата не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок -

30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2024-100-0038 од 11.01.2024 г. (наш арх.бр.0503-201/1 од 11.01.2024 г.).

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.0803-61 од 04.03.2024 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-78 од 07.09.2023 година и Заклучокот арх.бр.0201-1153/4 од 12.03.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 12.03.2024 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

______________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.